

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

# Содржина


1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ .................... 5
2. ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА .... 9
3. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО .......................................................................... 12
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ...... 21
5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2012 ГОДИНА ........................ 26
6. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................................................................. 28
7. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ .......................................................................................................... 34

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судски совет, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците на Советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Во текот на извештајната 2012 година, Судскиот совет одржа **24** седници, како и поголем број на работни состаноци кои претходеа на седниците.

На седниците Советот донесе одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност, и тоа одлуки за утврдување на ориентациониот број на предмети што треба да го реши судијата во текот на еден месец, за избор и разрешување на судиите, судии поротници и претседатели на судови, одлуки по поведени постапки за утврдување на одговорност на судиите, одлуки со кои Советот ја оценува работата на судиите и претседателите на судовите во 2012 година, одлуки во постапка по преставки и поплаки на граѓни и правни лица за работата на судиите и судовите, беа разгледани и усвоени тромесечни и годишни извештаи за работата на судовите, извештајот на Врховниот суд на Република Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите, и др.

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, во текот на 2012 година, Судскиот совет ќе продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка во однос на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, системот на кариера во напредувањето на судиите, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Судскиот совет и во текот на 2012 година изврши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Од страна на Судскиот совет во текот на извештајниот период беа избрани вкупно 56 судии во сите судови во Република Македонија, и тоа 39 судии се избрани во основните судови од кои 4 судии се од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители.

Во основните судови во Република Македонија избрани се: во ОС Битола – 4 судии, ОС Велес – 2 судии, ОС Гостивар – 6 судии, ОС Кочани – 1 судија, ОС Крушево - 1 судија, ОС Куманово – 5 судии, ОС Ресен – 1 судија, ОС Скопје 1 Скопје – 11 судии, ОС Скопје 2 Скопје – 6 судии и ОС Тетово – 2 судии.

Советот изврши избор и на вкупно 17 судии во повисоките судови, Апелационите судови , Управниот суд и Врховниот суд на РМ и тоа: во Врховниот суд на РМ – 5 судии, Управниот суд – 1 судија, АС Битола – 1 судија, АС Гостивар – 3 судии, АС Скопје – 7 судии.

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **5** |
| 2 | Управен суд на РМ | **1** |
| 3 | АС Битола | **1** |
| 4 | АС Гостивар | **3** |
| 5 | АС Скопје | **7** |
| 7 | ОС Битола | **4** |
| 8 | ОС Велес | **2** |
| 9 | ОС Гостивар | **6** |
| 10 | ОС Кочани | **1** |
| 11 | ОС Крушево | **1** |
| 12 | ОС Куманово | **5** |
| 13 | ОС Ресен | **1** |
| 14 | ОС Скопје I Скопје | **11** |
| 15 | ОС Скопје II Скопје | **6** |
| 16 | ОС Тетово | **2** |
| | **Вкупно:** | **56** |

Во текот на 2012 година Советот не ги пополни упразнетите судиски места во судовите според постоечката систематизација,односно не изврши избор на судии во дел од судовите туку ја искористи со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во

друг суд. Така Судскиот совет донесе одлука за времено упатување на судии и тоа:

На четири судии од Вишиот управен суд во Управниот суд за време од 6 месеци,

Еден судија на ОС Крива Паланка и еден судија на ОС Крато во ОС Скопје 2

Двајца судии од ОС Радовиш во ОС Штип,

Еден судија од ОС Радовиш времено е упатен во ОС Свети Николе,

Еден судија од ОСБерово во ОС Делчево,

Еден судија од ОС Гевгелија во ОС Прилеп,

Еден судија од ОС Кавадарци во ОС Неготино и

Еден судија од ОС Прилеп во ОС Куманово.

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно со член 39 од Законот за судови, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност со што би било доведено во прашање тековното работење на судот, а најдолго за време од една година беа упатени судиите од судовите кои имаат помал обем на работа и во кои ажурноста на судот може да се постигне и со помал број на судии определен со одлуката на Советот.

При изборот на судиите, Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Така од вкупно избраните судии од редот на Македонците се избрани 29 судии, од редот на Албанците се избрани 20 судии, од редот на Србите 1 судија, од редот на Власите 1 судија, од редот на Бошњаците 2 судии, од редот на Турците 2 судии како и еден судија од други. Во однос на половата застапеност 33 од избраните судии се мажи, а 23 жени.

## Избрани судии од Судски совет на РМ

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 29 | 51,79 |
| 2 | Албанеци | 20 | 35,71 |
| 3 | Срби | 1 | 1,79 |
| 4 | Власи | 1 | 1,79 |
| 5 | Бошњаци | 2 | 3,57 |
| 6 | Турци | 2 | 3,57 |
| 7 | Други | 1 | 1,79 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 33 | 58,93 |
| 2 | женски | 23 | 41,07 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 56 | |







Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2012 година се избрани вкупно 11 претседатели на судови врз основа на приложената програма за работа на судот во текот на мандатот за претседател. При изборот, Советот ја почитуваше законската обврска за претседател на суд да биде избран судија кој од редот на кандидатите во последните две години од страна на Советот е оценет со највисока позитивна оценка и најголем број бодови во однос на другите пријавени кандидати. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови: претседател на Основен суд Битола, Основен суд Дебар, Основен суд Кочани, Основен суд Охрид, Основен суд Гостивар, Основен суд Кратово, Основен суд Скопје 1 Скопје, Апелационен суд Гостивар, Апелационен суд Битола, Апелационен суд Штип и Врховен суд на Република Македонија. Од избраните претседатели 9 се Македонци, 2 се Албанци, од нив 8 се мажи и 3 се жени.

| Избрани претседатели на судови од Судски совет на РМ | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | |
| Македонец | 9 | 81,82 |
| Албанец | 2 | 18,18 |
| **Пол** | | |
| машки | 8 | 72,73 |
| женски | 3 | 27,27 |
| | | |
| **Вкупно избрани:** | 11 | |







Со одлука на Судскиот совет е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, а по претходно прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 3611 судии поротници.

Судскиот совет на Република Македонија врши изборот и разрешувањето на судиите поротници по доставена предлог листа на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2012 година со одлуки на Советот се избрани вкупно 687 судии поротници и тоа во Основниот суд Велес се избрани 72 судии поротници, Основниот суд Скопје 1 Скопје 127 судии поротници, Основниот суд Скопје 2 Скопје 250 судии поротници, Основниот суд Струмица 39 судии поротници, Основниот суд Прилеп 73 судии поротници, основниот суд Радовиш 11 судии поротници, Основниот суд Тетово 21 судии поротници и Основниот суд Штип се избрани 94 судии поротници. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Истовремено Судскиот совет донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник и тоа во 97 случаи поради истекот на мандатот, а само во еден случај по сопствено барање на судија поротник.

# ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција.

Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на судија во вршењето на судиската функција, пред Судскиот совет се водат согласно со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кои е уредена оваа постапка.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, освен во случаи кога по барање на самиот судија против кого е поведена постапката, Советот носи одлука и дозволува присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Во најголем број случаи постапките за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција се поведени по барање поднесено од страна на членови на Советот или од страна на претседател на суд.

Во текот на 2012 година пред Судскиот совет се правосилно завршени 4 (четири) постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, од кои 3 поведени во 2011 година и 1 поведена во 2012 година и тоа:

- Со правосилна одлука е разрешен судија на ОС Крива Паланка поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 и 10 и член 79 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

- Со правосилна одлука е разрешен судија на ОС Струмица поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

- Со правосилна одлука е разрешен судија на ОС Дебар поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

- Со правосилна одлука е разрешен судија на ОС Велес поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција за повреда сторена по член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Одлуките на Советот за разрешување на судиите поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, а по поднесени жалби на судиите против кои е поведена постапка, биле предмет на оценка на Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија. Од страна на Жалбениот совет се потврдени сите одлуки на Судскиот совете во погоренаведените постапки.

Од страна на Судскиот совет со донесувањето на одлуките за поведување постапка согласно со член 67 од Законот за судовите в.в. со член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, истовремено се донесени и одлуки за времено отстранување од вршење на судиската функција на судиите, до правосилно окончување на постапката.

Советот утврди престанок на судиската функција на судија на ОС Куманово, поради донесена правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор, во конкретниот случај на ефективна казна затвор во траење од 4 (четири) години.

Во текот на 2012 година од страна на Судскиот совет се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи предвидени со закон и тоа:

- на 42 судии е констатиран престанок на судиската функција поради навршени 64 години.

- за 4 судии е утврден престанок на судиската функција поради смрт.

- за 1 судија е утврден престанок на судиската функција поради избор на
  друга функција

Од страна на Судскиот советот е утврдена потешка дисциплинска повреда во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија на ОС Штип која е поведена во 2011 година, при што Судскиот совет на

судијата му изрече дисциплинска мерка намалување на плата во висина од 15% од месечната плата во траење од 3 месеци.



# ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Судскиот совет, согласно со член 31 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Во рамките на следење и оценување на работата на судиите и судовите Судскиот совет на Република Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работата на судовите во Република Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Македонија за 2012 година.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

| Рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 3289 | 4790 | 8079 | 5848 | 2231 | 1058 |
| 2 | Виш Управен суд | 5 | 1750 | 1755 | 1715 | 40 | -35 |
| 3 | Управен суд | 15980 | 14611 | 30591 | 16363 | 14228 | 1752 |
| | Апелациони судови | | | | | | |
| 3 | АС Битола | 2022 | 8996 | 11018 | 9888 | 1130 | 892 |
| 4 | АС Гостивар | 1010 | 5067 | 6077 | 5193 | 884 | 126 |
| 5 | АС Скопје | 4341 | 19607 | 23948 | 20011 | 3937 | 404 |
| 6 | АС Штип | 402 | 6393 | 6795 | 6652 | 143 | 259 |
| | Вкупно: | 7775 | 40063 | 47838 | 41744 | 6094 | 1681 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 7629 | 21692 | 29321 | 22523 | 6798 | 831 |
| 2 | ОС Крушево | 467 | 1595 | 2062 | 1688 | 374 | 93 |
| 3 | ОС Охрид | 5455 | 13494 | 18949 | 13259 | 5690 | -235 |
| 4 | ОС Прилеп | 10974 | 17508 | 28482 | 22204 | 6278 | 4696 |
| 5 | ОС Ресен | 472 | 2252 | 2724 | 2345 | 379 | 93 |
| 6 | ОС Струга | 3858 | 11610 | 15468 | 10612 | 4856 | -998 |
| | Вкупно: | 28855 | 68151 | 97006 | 72631 | 24375 | 4480 |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 11561 | 30524 | 42085 | 31168 | 10917 | 644 |
| 2 | ОС Дебар | 1835 | 2006 | 3841 | 2976 | 865 | 970 |
| 3 | ОС Кичево | 1310 | 12006 | 13316 | 12162 | 1154 | 156 |
| 4 | ОС Тетово | 9118 | 18157 | 27275 | 20203 | 7072 | 2046 |
| | Вкупно: | 23824 | 62693 | 86517 | 66509 | 20008 | 3816 |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 4338 | 12340 | 16678 | 13613 | 3065 | 1273 |
| 2 | ОС Гевгелија | 1084 | 8298 | 9382 | 8653 | 729 | 355 |
| 3 | ОС Кавадарци | 2214 | 7629 | 9843 | 8011 | 1832 | 382 |
| 4 | ОС Кратово | 212 | 1560 | 1772 | 1595 | 177 | 35 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 564 | 4252 | 4816 | 4151 | 665 | -101 |
| 6 | ОС Куманово | 14408 | 28373 | 42781 | 29862 | 12919 | 1489 |
| 7 | ОС Неготино | 3794 | 6238 | 10032 | 7777 | 2255 | 1539 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 54091 | 67925 | 122016 | 65047 | 56969 | -2878 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 50092 | 30718 | 80810 | 40913 | 39897 | 10195 |
| | Вкупно: | 130797 | 167333 | 298130 | 179622 | 118508 | 12289 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 410 | 3368 | 3778 | 3424 | 354 | 56 |
| 2 | ОС Виница | 341 | 4441 | 4782 | 4336 | 446 | -105 |
| 3 | ОС Делчево | 816 | 4631 | 5447 | 4691 | 756 | 60 |
| 4 | ОС Кочани | 1448 | 11743 | 13191 | 11435 | 1756 | -308 |
| 5 | ОС Радовиш | 474 | 7153 | 7627 | 7128 | 499 | -25 |
| 6 | ОС Св. Николе | 1086 | 4002 | 5088 | 4271 | 817 | 269 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **ОС Струмица** | **6966** | **19660** | **26626** | **22199** | **4427** | **2539** |
| 8 | **ОС Штип** | **3510** | **11539** | **15049** | **12457** | **2592** | **918** |
| | **Вкупно:** | **15051** | **66537** | **81588** | **69941** | **11647** | **3404** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупно:** | **225576** | **425928** | **651504** | **454373** | **197131** | **28445** |

Од приложените податоци, несомнено може да се констатира дека судовите во Република Македонија во 2012 година го имаат совладано приливот на нови предмети, при што за 28445 предмети е намален заостатокот на нерешени предмети.

Имено, во 2012 година судовите примиле помалку 137.742 предмети или 24,4% во споредба со 2011 година. Исто така, заслужува да се истакне дека судовите во Република Македонија во 2012 година целосно го совладале приливот на предмети и дополнително решиле повеќе 28.443 предмети, или 6.7%. Како заклучок од наведеното, може да се констатира дека бројот на нерешени предмети на крајот на 2012 во споредба со 2011 година е намален за 130.667 предмети или за 39,9%.

Треба да се истакне дека намалувањето на бројот на предметите е резултат и на пренесувањето на неспорните предмети од судовите во надлежност на нотарите и извршителите на платните налози и на старите извршни предмети кои претставуваа огромен товар на судовите. Дополнително, во надлежност на нотарите преминаа оставинските неспорни предмети од судовите, а во надлежност на Управата за јавни приходи наплатата на паричните казни од прекршочни и кривични предмети. Конкретно, се работи за околу 490.000 предмети кои беа изземени од судска надлежност и беа пренесени во надлежност на други органи. Со тоа се постигнати двете зацртани цели: прво, намален е бројот на предмети во работа во судовите и зголемена е нивната ажурност и ефикасност и второ, зголемен е квалитетот во работата на судиите и судовите во целост со што се овозможи во надлежност на судовите да останат спорните предмети.

Овој позитивен ефект во судството во РМ се должи и на зголемената ангажираност на судиите и целокупниот судски кадар, подобрените услови во судовите, поголемата примена на информатичката технологија, новите законски решенија во делот на процесното и материјалното право, кои предвидуваат скратување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на судовите, воведување на case management во судовите, тонското снимање на рочиштата и други бројни активности, а сето ова во правец на реформски процеси во судството. За ваквата состојба свој

придонес има и Судскиот совет со новата улога и надлежности што ги доби со измената на процесните закони, особено во делот на методологијата за следење и оценка на работата на судиите и судовите, на кој начин се придонесува за нивен поголем ангажман, а со тоа и ажурност во работењето.

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2012 година беа преземени активности за спроведување на Методологијата за судска статистика со цел овозможување на побрзо и поквалитетно собирање и анализа на податоци за правосудството. За тие потреби Судскиот совет формираше Комисија надлежна за процесот на подготовка на софтверска апликација за примена на Методологијата. За таа цел е изработен софтвер за Судска статистика кој ќе овозможи соодветно спроведување на Методологијата и генерирање на единствени статистички податоци за правосудството во Република Македонија.

Судскиот совет на РМ во рамките на својата надлежност во текот на 2012 година продолжи со следење и оценување на работата на судиите и претседателите на судовите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврденени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија покрај постапката се дефинираат и објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Имено, со Законот прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание, а оценувањето на работата на судиите се врши врз основа на вкупните резултати на работата на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршење на функицијата утврдени со Законот.

Пред да пристапи кон оценување на работата на судиите во Република Македонија, Судскиот совет го определи ориентациониот број на минимум предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните, апелационите, Вишиот управен суд, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија за 2012 година и тоа според правната област, сложеноста на материјата во која спаѓа предметот и видот на судовите според стварната надлежност.

Советот ја утврди и формата на Образец за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, заедно со Упатство за негово пополнување, согласно со кое се спроведе оценување на работата на судиите. Во Образецот се содржани податоците и информациите за работата на судијата и претседателот на судот кој се пополнува еднаш месечно по однос на квантитативните и квалитативните критериуми за работењето на судијата.

Постапката за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2012 година, Судскиот совет на Република Македонија ја започна со донесување одлука на седницата одржана на 1.4.2013 година, на која се формираа комисии од редот на членовите на Советот, за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2012 година за четирите апелациони подрачја, вклучувајќи го и Вишиот управен суд, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

Формираните комисии, согласно со критериумите и мерилата утврдени со Законот, вршат оценување на работата на судиите и претседателите на судовите имајќи ги предвид доставените предлог мислења за работата на судиите доставени од страна на комисиите формирани во судовите за работата на судиите.

Во постапката за оценување на работата судиите и судовите, комисиите за оценка ги користат статистичките податоци и извештаи за следење и оценување на работата на судиите и судовите кои се генерираат од Интегрираниот судски информативен систем (АКМИС). Со поврзувањето на комјутерски систем на Судскиот совет со ACCMIS директно се преземаат податоците кои судиите и претседателите на судовите ги внесуваат еднаш месечно за своето тековно работење .

Комисиите за оценување на работата на судиите потоа до Судскиот совет, на седница, доставуваат мислење со предлог оценка за рботата на судиите. Во предлозите се содржани податоци и информации за квалитативните, квантитативните критериуми за работата на судијата и претседателот на судот, како и дополнителни посебни критериуми во вршењето на судиската функција согласно со законот.

Судскиот совет го започна годишното оценување на работата на судиите во Република Македонија за 2012 на 150-та седница на Советот одржана на 29.04.2013 година. Судскиот совет одлуките за оценка на работата на судиите ги носеше на неколку седници на Советот, одлучувајќи по претходно дадениот предлог од трилчената комисија формирана од членови на Советот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, согласно со одредбите од член 98 до 129 Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Како резултат на спроведеното оценување, од страна на Судскиот совет на РМ се донесени одлуки за оценка на работата на **618** од вкупниот

број судии во Република Македонија за 2012 година, со следните резултати:

**Во Апелациониот суд Битола и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Битола** оценети се вкупно 112 судии со следните оценки: во Апелациониот суд Битола оценети се вкупно 24 судии и сите се оценети со оценки „многу добар“; во Основниот суд Битола оценети се вкупно 26 судии од кои 12 со оценка „многу добар“, 8 со оценка „добар“; 3 со оценка „задоволителен“, 3 со оценка „незадоволителен“; во Основниот суд Крушево оценети се вкупно 2 судии и тоа со оценка „добар“; во Основниот суд Охрид оценети се вкупно 19 судии од кои 12 со оценка „многу добар“, 4 со оценка „добар“ и 3 со оценка „задоволителен; во Основниот суд Прилеп од вкупно 21 оценети судии, 13 се со оценка „многу добар“ и 8 со оценка „добар“; во Основниот суд Ресен оценети се 4 судии и тоа 2 со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“ и 1 судија е оценет со оценка „незадоволителен“ и во Основниот суд Струга од вкупно 16 оценети судии, 5 се со оценка „многу добар“, 7 со оценка „добар“ и 3 со оценка „задоволителен“, 1 со оценка „незадоволителен“.

**Во Апелациониот суд Гостивар и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар** се оценети вкупно 80 судии и тоа во Апелациониот суд Гостивар 14 судии, 13 со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; Основниот суд Гостивар 21 судии од кои 15 со оценка „многу добар“ , 5 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; Основниот суд Дебар 5 судии, од кои 2 со оценка „многу добар“, 2 со оценка „добар“ и 1 судии со оценка „задоволителен“; Основниот суд Кичево 13 судии, од кои 3 со оценка „многу добар“, 2 со оценка „добар“ и 8 со оценка „задоволителен“ и Основен суд Тетово 27 судии од кои 16 со оценка „многу добар“, 8 судии со оценка „добар“, 1 судија е оценет со оценка „задоволителен“ и 2 судии со оценка „незадоволителен“.

**Во Апелациониот суд Скопје и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Скопје** се оценети вкупно 275 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Скопје од вкупно 44 оценети судии сите се со оценка „многу добар“; во Основниот суд Скопје 1 Скопје од 62 оценети судии, 42 се со оценка „многу добар“, 11 со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“ и 8 со оценка „незадоволителен“; во Основниот суд Скопје 2 Скопје се оценети вкупно 77 судии од нив 56 со оценка „многу добар“, 19 со оценка „добар“ и 2 со оценка„задоволителен“; во Основниот суд Велес од 18 судии, 16 се со оценка „многу добар“ и 2 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Гевгелија од 13 судии, 3 судии со оценка „многу добар“, 8 судии со оценка „добар“ и 2 со оценка „задоволителен“; Основниот суд Кавадарци од 13 судии, 9 се оценети со оценка „многу добар“, 3 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Кратово од 3 судии, 1 е оценет со оценка „многу добар“,

1 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Крива Паланка од 5 судии, 2 се оценети со оценка „многу добар“, 3 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Куманово од 32 судии, 12 се оценети со оценка „многу добар“, 14 судии со оценка „добар“, 6 со оценка „задоволителен“, во Основниот суд Неготино од 8 судии, 5 со оценка „многу добар“, 1 судија со оценка „задоволителен“ и 2 судии со оценка „незадоволителен“.

**Во Апелациониот суд Штип и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Штип** се оценети вкупно 99 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Штип се оценети вкупно 17 судии, сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Берово од 5 судии, 2 судии се оценети со оценка „многу добар“, 2 судии со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Виница 3 судии сите со оценка „многу добар“, во Основниот суд Делчево 5 судии, од кои 4 со оценка „многу добар“, 1 судија со оценка „добар“; во Основниот суд Кочани 13 судии, од кои 8 со оценка „многу добар“, 4 судии со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Радовиш 6 судии, од кои 1 со оценка „многу добар“ и 5 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Свети Николе 5 судии сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Струмица од 21 оценети судии, 12 се со оценка „многу добар“ , 8 со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“ и во Основниот суд Штип се оценети вкупно 24 судија од кои 6 со оценка „многу добар“, 9 со оценка „добар“ и 9 со оценка „задоволителен“.

Исто така, од страна на Судскиот совет на РМ беше спроведено и оценување на работата на судиите на **Врховниот суд на РМ**, каде беа оценети вкупно 15 судии, сите со оценка „многу добар; во **Вишиот управен суд** од 11 оценети судии од кои 7 се со оценка „многу добар„ и 4 се со оценка „добар“ и во **Управниот суд** во кој од вкупно 26 оценети судии сите се со оценка „многу добар“.

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на судиите во РМ за 2012 година произлегува дека вкупно се оценети 618 судии, од нив 411 се оценети со оценка „многу добар“ или 66,50 %, 143 со оценка „добар“ или 23,14%, 47 се оценети со оценка „задоволителен“ или 7,61 % и 17 се оценети со оценка „незадоволителен“, односно 2,75 %. Од оваа произлегува дека 97,15% од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно со квантитативните и квалитативните критериуми за работењето и останатите мерила утврдени со Закон.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

| рб | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволителен | % | Незадоволителен | % | Вкупно оценети | Вкупно места по систематизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 15 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 15 | 25 |
| 2 | Виш управен суд | 7 | 63,64 | 4 | 36,36 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 11 | 15 |
| 3 | Управен суд | 26 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 26 | 33 |
| **Апелациони судови** | | | | | | | | | | | |
| 4 | АС Битола | 24 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 24 | 27 |
| 5 | АС Гостивар | 13 | 92,86 | 1 | 7,14 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14 | 15 |
| 6 | АС Скопје | 44 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 44 | 52 |
| 7 | АС Штип | 17 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 17 | 19 |
| | Вкупно: | 98 | 98,99 | 1 | 1,01 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 99 | 113 |
| **Основни судови Скопје I и II** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Скопје I Скопје | 42 | 67,74 | 11 | 17,74 | 1 | 1,61 | 8 | 12,90 | 62 | 73 |
| 2 | ОС Скопје II Скопје | 56 | 72,73 | 19 | 24,68 | 2 | 2,60 | 0 | 0,00 | 77 | 83 |
| | Вкупно: | 98 | 70,50 | 30 | 21,58 | 3 | 2,16 | 8 | 5,76 | 139 | 156 |
| **АС БИТОЛА – Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 12 | 46,15 | 8 | 30,77 | 3 | 11,54 | 3 | 11,54 | 26 | 28 |
| 2 | ОС Крушево | 0 | 0,00 | 2 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 5 |
| 3 | ОС Охрид | 12 | 63,16 | 4 | 21,05 | 3 | 15,79 | 0 | 0,00 | 19 | 20 |
| 4 | ОС Прилеп | 13 | 61,90 | 8 | 38,10 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 21 | 24 |
| 5 | ОС Ресен | 0 | 0,00 | 2 | 50,00 | 1 | 25,00 | 1 | 25,00 | 4 | 5 |
| 6 | ОС Струга | 5 | 31,25 | 7 | 43,75 | 3 | 18,75 | 1 | 6,25 | 16 | 17 |
| | Вкупно: | 42 | 47,73 | 31 | 35,23 | 10 | 11,36 | 5 | 5,68 | 88 | 99 |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 15 | 71,43 | 5 | 23,81 | 1 | 4,76 | 0 | 0,00 | 21 | 22 |
| 2 | ОС Дебар | 2 | 40,00 | 2 | 40,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 5 | 7 |
| 3 | ОС Кичево | 3 | 23,08 | 2 | 15,38 | 8 | 61,54 | 0 | 0,00 | 13 | 16 |
| 4 | ОС Тетово | 16 | 59,26 | 8 | 29,63 | 1 | 3,70 | 2 | 7,41 | 27 | 29 |
| | Вкупно: | 36 | 54,55 | 17 | 25,76 | 11 | 16,67 | 2 | 3,03 | 66 | 74 |

| АС СКОПЈЕ – Основни судови | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОС Велес | 16 | 88,89 | 2 | 11,11 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 18 | 22 |
| 2 | ОС Гевгелија | 3 | 23,08 | 8 | 61,54 | 2 | 15,38 | 0 | 0,00 | 13 | 18 |
| 3 | ОС Кавадарц и | 9 | 69,23 | 3 | 23,08 | 1 | 7,69 | 0 | 0,00 | 13 | 18 |
| 4 | ОС Кратово | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 | 1 | 33,33 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 2 | 40,00 | 3 | 60,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 9 |
| 6 | ОС Куманово | 12 | 37,50 | 14 | 43,75 | 6 | 18,75 | 0 | 0,00 | 32 | 37 |
| 7 | ОС Неготино | 5 | 62,50 | 0 | 0,00 | 1 | 12,50 | 2 | 25,00 | 8 | 7 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 42 | 67,74 | 11 | 17,74 | 1 | 1,61 | 8 | 12,90 | 62 | 73 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 56 | 72,73 | 19 | 24,68 | 2 | 2,60 | 0 | 0,00 | 77 | 83 |
| | Вкупно: | 146 | 63,20 | 61 | 26,41 | 14 | 6,06 | 10 | 4,33 | 231 | 272 |

| АС ШТИП - Основни судови | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 2 | 40,00 | 2 | 40,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 2 | ОС Виница | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 3 | ОС Делчево | 4 | 80,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 4 | ОС Кочани | 8 | 61,54 | 4 | 30,77 | 1 | 7,69 | 0 | 0,00 | 13 | 16 |
| 5 | ОС Радовиш | 1 | 16,67 | 5 | 83,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 11 |
| 6 | ОС Св. Николе | 5 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 7 | ОС Струмица | 12 | 57,14 | 8 | 38,10 | 1 | 4,76 | 0 | 0,00 | 21 | 26 |
| 8 | ОС Штип | 6 | 25,00 | 9 | 37,50 | 9 | 37,50 | 0 | 0,00 | 24 | 25 |
| | Вкупно: | 41 | 50,00 | 29 | 35,37 | 12 | 14,63 | 0 | 0,00 | 82 | 101 |

**Вкупно за судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 411 | 66,50 | 143 | 23,14 | 47 | 7,61 | 17 | 2,75 | 618 | 732 |

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година интензитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите го следи трендот од 2011 година. При ова треба да се има предвид дека во бројот на претставките евидентирани во Советот во извештајниот период значаен е бројот на претставки кои се доставени од страна на институции и судови до кои граѓаните и правните лица се обратиле истовремено и со иста претставка како и до Советот. Што значи дека е помал бројот на претставки по кои Советот ефективно постапувал и преземал активности во рамките на надлежноста утврдена со закон. Од вкупниот бројот на поднесени претставки 156 се од Министерство за правда, како претставки препратени од физички и правни лица преку Министерството за правда до Судскиот совет.

Во текот на 2012 Советот постапувал по вкупно 1686 претставки од кои затечени се 744 претставки, новопримени биле 942 претставки, а биле решени вкупно 1329 претставки или во работа останале како нерешени 355 претставки.



Број на претставки по судови:

| Р.бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 4 |
| 2 | ОС Битола | 67 |
| 3 | ОС Велес | 25 |
| 4 | ОС Виница | 3 |
| 5 | ОС Гевгелија | 22 |
| 6 | ОС Гостивар | 65 |
| 7 | ОС Дебар | 8 |
| 8 | ОС Делчево | 8 |
| 9 | ОС Кавадарци | 13 |
| 10 | ОС Кичево | 24 |
| 11 | ОС Кочани | 34 |
| 12 | ОС Кратово | 6 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 5 |
| 14 | ОС Крушево | 1 |
| 15 | ОС Куманово | 56 |
| 16 | ОС Неготино | 9 |
| 17 | ОС Охрид | 38 |
| 18 | ОС Прилеп | 21 |
| 19 | ОС Радовиш | 10 |
| 20 | ОС Ресен | 4 |
| 21 | ОС Св. Николе | 9 |
| 22 | ОС Скопје 1 | 94 |
| 23 | ОС Скопје 2 | 150 |
| 24 | ОС Струга | 20 |
| 25 | ОС Струмица | 27 |
| 26 | ОС Тетово | 34 |
| 27 | ОС Штип | 31 |
| 28 | АС Битола | 55 |
| 29 | АС Гостивар | 22 |
| 30 | АС Скопје | 123 |
| 31 | АС Штип | 41 |
| 32 | Врховен суд на РМ | 27 |
| 33 | Управен суд | 40 |
| 34 | Виш управен суд | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно | 1099 |




Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапувше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда, Народниот правобранител и Државната комисија за спречување корупција. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност.

| **1. Физички лица** | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **839** |

| **2. Правни лица** | |
|---|---|
| АД | **23** |
| ДОО | **10** |
| ДООЕЛ | **29** |
| ЈП | **0** |
| Други | **1** |
| **Вкупно:** | **63** |

| **3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани** | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **6** |

| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РМ | **1** |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | **4** |
| Јавно обвинителство | **4** |
| Министерство за правда | **67** |
| Народен правобранител | **1** |
| Собрание на РМ | **0** |
| **Вкупно:** | **77** |

| 5. Анонимни | |
|---|---|
| Вкупно: | 15 |

Анализите покажуваат дека од вкупниот број на поднесени претставки до Советот најголем е бројот на претставки во кои се изразува незадоволство од работата на судиите, односно незадоволство од донесената судска одлука, при што се бара Советот да ја промени донесената одлука на судот.

Не е мал бројот на претставки во кои се укажува на незадоволство од работењето на судот поради одолговлекување на постапката пред судот, случаи кога не се почитувани со закон предвидените рокови за преземање на процесните дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Во дел на поднесените претставки подносителот на претставката смета дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети не го примениле правилно законот, односно покажале нестручност и несовесност во вршењето на судиската функција.

Поднесените претставки се однесуваат на работата на судиите како во основните така и на судиите на повисоките судови, апелационите, управните, па и на работата на судиите на Врховниот суд на РМ.

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ„ бр. 2/2009), по поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно со надлежноста на Судскиот совет на Република Македонија, членовите на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат во соработка со државните советници во Советот.

Новина во постапувањето со претставките и поплаките, внесена со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, а која придонесува за зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на Советот е член 3 став 2 и 3 од измените на законот во кој се предвидува дека Советот најмалку еднаш месечно расправа поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, со што согласно со законот овие седници се јавни.

Во текот на 2012 година се одржани вкупно 10 седници на кои се расправаше по претставките и поплаките на граѓаните и правните лице. На

овие седници присуствуваа и подносителите на претставки кои ја следеа расправата. Советот објективно, неселективно и ажурно постапува по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

По поднесените претставки се постапува на начин што се прибираат изјави од судијата или претседателот на судот по однос на изнесените наводи во преставката, се врши увид во дел од предметите. Врз основа на извршените извиди и прибавените податоци Советот носи одлука за основаноста или за неоснованоста на претставката .

Во случаји кога се констатира неоснованост на претставката се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон.

Во случај кога Судскиот совет утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката, но и судијата кој постапувал по предметот. Во случаи кога Советот констатирал пропусти во работата на судијата, води евиденција за ваквото негово постапување, ја следи неговата работа што може да биде основ Советот да иницира постапка за утврдување одговорност на судијата заради нестручноста и несовесноста во вршењето на судиската функција.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2012 ГОДИНА

Во 2012 година во судската власт беа вработени 2.333 судски и државни службеници (состојба 31.12.2012 година). Вработените во судската администарција вршат стручни, управнонадзорни, административно технички, извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите.

Старосната, половата и образовната структура на вработените е разнолика.

## Образовна структура

| образование | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| ВСС | 617 | 26,45 |
| ССС | 1.516 | 64,98 |
| Основно образование | 200 | 8,57 |
| вкупно | 2.333 | 100,00 |

## Полова структура

| пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Мажи | 885 | 37,93 |
| жени | 1.448 | 62,07 |
| вкупно | 2.333 | 100,00 |

## Старосна структура

| возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| 0-24 години | 1 | 0,17 |
| 25-49 години | 1.334 | 57,18 |
| Постари од 50 години | 995 | 42,65 |
| вкупно | 2.333 | 100,00 |

| | ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | |
| **СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | 1979 | 230 | 28 | 27 | 19 | 31 | 9 | 10 | 2333 |
| Процентуална застапеност | 84,83 | 9,86 | 1,20 | 1,16 | 0,81 | 1,33 | 0,39 | 0,43 | 100,00 |

Во однос на кадровската состојба во судството во текот на 2012 година, како и претходните години, беше присутен проблемот на недоволен број на:

- раководен, стручен и административно-технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (раководители на оддели, дактилографи, доставувачи, и сл.),

- стручни кадри од областа на односи со јавност, областа на човечките ресурси, јавна внатрешна финасиска контрола, стратешко планирање и сл., односно кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

Во 2012 година продолжија да се применуваат антикризните мерки на Владата на Република Македонија во делот на замрзнување на сите вработувања во јавниот сектор во Република Македонија, при што во единките корисници на судска власт не се пополнуваа трајно испразнетите работни места во 2012 година (по основ на пензија, отказ, избор за судија или обвинител и сл.), а не се реализираа ниту вработувања по НПАА програмата.

# МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПРИХОДИ ВО 2012 ГОДИНА

Согласно со Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ, издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Судскиот буџет содржи две програми:

- програма 20-судска администрација, која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност;
- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители, која ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Во 2012 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.850.283.000 денари. Од овие средства 1.803.583.000 денри се приходи од централниот Буџет на Република Македонија, 40.000.000 се сопствени приходи, а 6.600.000 денари се однесуваат на приходи од донации. Сопствените приходи се однесуваат на приходи остварени од наплата на судските паушали што согласно со Законот за судски буџет се приходи на судовите.

## РАСХОДИ ВО 2012 ГОДИНА

Расходите на судската власт за 2012 година се однесуваат на платите за вработените во судската власт, тековни трошоци за работењето на судовите, субвенции и трансфери и капитални расходи. Структурата на расходите за буџетската сметка по категории е следната:

| **кат** | **назив** | **буџет** | **структура %** | **конечна состојба** | **структура %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.511.900.000 | 83,83 | 1.521.012.000 | 86,60 |
| 42 | Стоки и услуги | 260.883.000 | 14,46 | 207.867.000 | 11,84 |
| 46 | Субвенции и | 20.000.000 | 1,11 | 20.167.000 | 1,15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | трансфери | | | | |
| 48 | Капитални расходи | 10.800.000 | 0,60 | 7.210.000 | 0,41 |
| | **Вкупно** | **1.803.583.000** | **100,00** | **1.756.265.000** | **100,00** |

Во текот на годината согласно со Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на РМ“ бр. 128 од 21.9.2011 година) буџетот на судската власт претрпе измени во обемот и структурата. Исто така беа извршени и неколку пренамени на ставки со кои се интервенираше во насока на подмирување на обврските и обезбедување максимална реализација на Буџетот. Процентот на вкупната реализација е во висина од **99,49 %** што е во согласност со приоритетот на Судскиот буџетски совет и судската власт за максимална реализација на Судскиот буџет.

Структурата на расходите за сметката на сопствени извори по категории е следната:

| **кат** | **назив** | **буџет** | **структура %** | **конечна состојба** | **структура %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 40.000.000 | 100 | 39.563.528 | 94,26 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | | 2.408.472 | 5,74 |
| | **Вкупно** | **40.000.000** | **100,00** | **41.972.000** | **100,00** |

Структурата на расходите за сметката на донации по категории е следната:

| **кат** | **назив** | **буџет** | **структура %** | **конечна состојба** | **структура %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 6.600.000 | 100 | 12.961.100 | 100.00 |

## ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, како самостоен орган, своето финансиско работење го темели само и единствено од средствата на Буџетот на Република Македонија кои средства, како единка корисник од втора линија, ги добива од Судскиот буџетски совет.

Во календарската 2012 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 35.513.799,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2011 година во износ од 36.512.697,00, претставува намалување на Буџетот искажан во проценти во износ од 97,3% или 2,7% помал Буџет во 2012 година.

Бројот на вработени во текот на 2012 бележи минимален тренд на опаѓање, односно бројот на вработени изнесуваше 42, а на крајот на 2012 година тој број се сведе на 41 вработен, од кои 13 се функционери, членови на Советот, во чиј состав настанаа персонални промени, бидејќи се изврши избор на четири нови члена од редот на судиите, кои се со мандат од 6 години. Во поглед на вработените во стручната служба се наметнува проблемот дека со заминување на вработени по кој било основ не се пополнуваат веќе испразнетите работни места што се одразува на работењето на институцијата.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судски совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 35.513.799,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење имајќи ја предвид рестриктивната буџетска политика и светската економска криза.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент од 86% отпаѓа на плати за вработените и обврските од плати, а трошоците за останатите потреби се сведени на минимум, имајќи предвид дека од страна на Советот, во текот на целата година, се објавуваат огласи за избор на судии , се сприоведе постапка за избор на членови од редот на судиите од цела држава, што повлекува и финансиски импликации.

| |
|---|
| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2012 година.** |
| |
| *О П И С* *Финансиски средства процент* |
| |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **35.614.638,00 денари 100 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи **35.513.799,00 денари 99.72%** |
| 3. Добиени, а непотрошени средства во износ **100.839,00 денари 0.28**%, |

| |
|---|
| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** |
| 1. Основни плати и персонален данок 22.248.437,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 8.228.941,00 денари |
| 3. Останати надоместоци 67.210,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци 30.544.588 ,00 денари** |

**Графички приказ на соодносот на потрошените финансиски средства за плати и надоместоци од плати во однос на сите останати трошоци за 2012 год**




Освен плати и надоместоци од плати, другата група на трошоци претставува основа за нормално и непречно функционирање на советот, а се однесува на редовни и тековни трошоци за службени патувања, комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи, објавување на огласи за јавни набавки и избор на судии, семинари и други трошоци.

Табеларен преглед на оваа група на трошоци:

| |
|---|
| **Потрошените средства по расходни конта:** |
| |
| **одобрени реализирани остаток** |
| |
| 4. Патни расходи,смес. сл.пат 130.750,00 119.762,00 10.988,00 |
| 5. Пошта,ел.енергија,парно др. 3.474.000,00 3.470.539,00 3.461,00 |
| 6. Канцел материјал,списанија |
| средства за хигиена и др. 400.000,00 343.394,50 56.605,50 |
| 7. Поправка , одржување на |
| софтвер,возила и опрема 400.500,00 372.006,00 28.494,00 |
| 8. Договорни услуги-закуп 316.000,00 314.958,00 1.042,00 |
| 9.Др.тековни расходи ,репрез, |
| огласи за избор на судии 199.700,00 199.518,50 181,50 |
| **10.Судски решенија за СБС 149.100,00 149.033,00 67,00** |
| 11.привремени вработувања 0,00 0,00 0,00 |
| **Вкупно 5.070.050,00 4.969.211,00 100.839,00** |

Од прегледот се гледа дека во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, освен делот кој се однесува на **платите и обврските од плата на вработените од околу 86%,** од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 3.470.539,00. Овој износ претставува околу 69,85% од преостанатите финансиски средства потрошени во годината во износ од 4.969.211,00 денари, од кои најголем дел се за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални**

**патни трошоци за избраните членови кои се од внатрешноста.** Споредбено по расходни конта во однос на 2011 година во 2012 не се забележува некое нагласено отстапување во однос на потрошените финансиски средства.

Од расходното конто 464-разни трансвери, исплатена е сума во износ од 149.000,00, а се однесува за исплата на средства по решенија на Судски буџетски совет на досудени трошоци за повреда на правото на судење во разумен рок за странски државјани и исплатата се врши преку сметката на Судски совет како налогодавач-резидент. Така што овој износ од 149.000,00 се прикажува како трошок во буџетот на Судски совет иако не е направен за потребите на истиот и вештачки се прикажува поголм износ на потрошени финансиски средства.

**Графички приказ на реализација на буџетот за 2012 година во Судскиот совет**




Значи најголемиот дел од буџетските средства се за плати и придонеси од плати, а останатиот дел од средствата од околу 14% за севкупната активност на Советот.

Во текот на 2012 на категоријата 48-капитални расходи, согласно со Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите, од страна на Судскиот совет беа потрошени минорни финансиски средства во износ од околу 50.000,00 денари, а предвидените инвестициски активности се одложени.

На крајот на годината, по извршениот попис на средствата и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 671.720,00,00 денари во која ставка се интегрирани обврските за

електрична енергија во износ од 314.000,00, кои преку договор за порамнување се преземени од ЕЛЕМ-Електрани на Македонија АД Скопје во однос на ЕВН Македонија.

Значи, иако во текот на 2012 година Судскиот совет располагаше со намален износ на финансиски средства во однос на 2011 година и со намален број на вработени, сепак се вклопи во севкупниот амбиент на економска криза, кога особено треба да дојде до израз потребата од домаќинско, одговорно и транспарентно работење и располагање со средствата на Буџетот на РМ.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2012 година Судскиот совет ја продолжи успешната соработка со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока се продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, Анти-корупциската комисија и други институции во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерството за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Не помалку значајна е и соработката со Министерството за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба, домашни и меѓународни организации и сродни инстируции, донатори (УСАИД, Европската комисија, Светска банка, итн), во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Судскиот совет.

Особено треба да се нагласи соработката на Судскиот совет на Република Македонија со Академијата на судии и јавни обвинители, како и со Советот за јавни обвинители. Соработката со овие две институции произлегува поради реализација на приоритетите предвидени со програмата на Владата на Република Македонија – НПАА. Оттука, Судскиот совет на Република Македонија во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, продолжија со активности во насока на избор на кандидатите за судии и јавни обвинители чиј број беше утврден со Стратешкиот план за периодот од 2011 до 2013 година. Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судиите е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација преку поврзување на базата на податоци за судиите од двете

институции, како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Воедно од страна на членовите на Судскиот совет се продолжи и со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на надлежностите потоа беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Целта на овие активности е да се придонесе за зголемување на довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт и потврда на деполитизацијата на судството со акцент само кон лица и судии кои поседуваат високостручни и професионални квалитети согласно со законот.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Една од основните определби на Судскиот совет на РМ во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата Судскиот совет на РМ продолжува со своите активности со тоа што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Судскиот совет на Република Македонија обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Судскиот совет за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Судскиот совет на РМ, во рамки на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Македонија да бидат навремено и точно запознати и информирани за сите активности што ги презема. Притоа Советот, во изминатиот период, беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на Претседателот на советот, учество на голем број прес - конференции, давање на бројни изјави, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Една од заложбите на Судскиот совет е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Заложба на Судскиот совет е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи на Судскиот совет во јавноста.

Во текот на извештајниот период во целост се остварени приоритетите поставени во Програмата за работа на Советот и Стратешкиот план на Судскиот совет, донесени и усвоени врз основа на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и препораките во Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување на владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем, во текот на извештајната година претседателот и членовите на Судскиот совет остварија голем број средби со претставници на меѓународната заедница. Воедно се залагаа за развој на меѓународната и регионалната соработка преку остварување на неколку студиски посети преку кои се воспостави директна соработка и компаративни согледувања со претставниците на судските совети во други држави, по однос на размена на искуства на теми за изборот и унапредувањето на судиите, постапката и начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите, критериумите и методологијата на оценување, дисциплинската одговорност на судиите, зајакнувањето на капацитетите на судската

администрација, финансирањето и менаџирањето во судството и многу други прашања од интерес за судството.

На 30.8.2012 год. е потпишано Писмото за согласност за спроведувањето на законите меѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Македонија, со цел зајакнување на капацитетите на институциите за борба против организираниот криминал и корупција во Република Македонија. Помошта се однесува на проактивни пристапи во фазата на истрага и ефективно кривично гонење, лоцирање на одговорноста на сторителите и нивно казнување, како и унапредување на јавната безбедност и доброто владеење. Со проектот се обезбедува финансиска помош во вредност од 2.500.000 евра наменети за обуки, донација во опрема, техничка поддршка и стручна експертиза за АСЈО, МП, ЈОРМ, судството, особено првостепените кривични судови.

Во последните извештаи на Европската комисија е утврден сериозен напредок во судството, што за нас е охрабрување. Фактот што ни беше укажано, како земја кандидат за членство во Европската унија, дека досега завршените работи се ценат, ќе значи ново значително охрабрување да продолжиме и со останатите стратегии и активности.

Судскиот совет на Република Македонија преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите се грижи за обезбедување на ефикасно, независно и самостојно судство, како услов и основа за остварување на темелните вредности на уставниот поредок и на меѓународното право во делот на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, гарантирање еднаков пристап до правдата, брзи и ефикасни постапки, унапредување на работата на судовите и судската практика, зајакнување на финансиската независност на судската власт, почитувањето на професионалната етика, а се со цел остварување на европските стандарди по однос надлежноста, самостојноста и независноста на судската власт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Александра Зафировска**